**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА НАПРЕДОКОТ ВО ПОГЛАВЈЕ 29 - ЦАРИНСКА УНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2006 - МАЈ 2007 ГОДИНА

**МАЈ 2007 ГОДИНА**

# I. ПРЕГЛЕД НА НАПРЕДОКОТ

1. Периодот октомври 2006 - мај 2007 година беше пред сè обележан со активности ориентирани кон постигнување конкретни резултати во борбата за сузбивање на корупцијата во Царинската управа, спречувањето на нелегалната трговија, заштитата на правата од интелектуална сопственост и заштита на животната средина и општеството.

2. Во законски спроведени постапки, утврдени се повеќе случаи на злоупотреба на службена должност кои резултираа со дисциплински мерки (парична казна и отказ) и затворски казни. Откриени се и процесирани голем број обиди за нелегална трговија и организиран криминал, а запланети се огромни количества на дроги, цигари и други стоки. Ваквите резултати во сузбивањето на корупцијата и организираниот криминал, заедно со мерките за намалување на системските и процедуралните недоречености кои овозможуваат злоупотреба и евазија, претставуваа еден од главните фактори за значително зголемената наплата на приходите од увозни давачки во првите 5 месеци од оваа година споредено со истиот период минатата година.

3. Во периодот октомври 2006 - мај 2007 година Царинската управа во над 130 акции спречи голем број обиди за повреда на права од интелектуална сопственост, при што беа одземени над 1,2 милиони парчиња и 31 тон фалсификувани стоки.

4. Од системски аспект, активностите во претходно наведените области беа насочени кон подобрување на организационата поставеност, воспоставување и подобрување на внатрешните процедури, унапредување на институционалниот капацитет и интензивање на развојот на ИКТ системот. Донесени се повеќе акти во форма на стратегии и правилници, обезбеден е голем број обуки, како од стручен аспект, така и од аспект на општи познавања, јазици и компјутери, а завршени се или се започнати со развивање повеќе софтверски апликации. Во врска со последното, посебно важна е започнатата иницијатива за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит, како и за набавка на компатибилетн царински софтвер.

5. Во овој период продолжи имплементацијата на новата царинска регулатива фокусирана кон анализа на ризик и царински контроли и надзор на иматели на одобренија со економски ефект. Отстранети се повеќе практични технички пречки и застои, донесени се нови и изменети постојни подзаконски акти со цел олеснување и поедноставување на претходно донесената законска рамка, а во процедура е и донесувањето на измени и дополнувања на Царинскиот закон насочени кон негово усогласување со новините во ЕУ во оваа област (концепт на овластен економски оператор).

6. Во соработка со бизнис заедницата и странските партнери, Царинската управа во овој период започна да планира и спроведува нови мерки за забрзување и олеснување на транспортот и трговијата, јакнење на сопствениот административен капацитет и подигнување на нивото на информациско телекомуникациската поддршка.

## II. ЛЕГИСЛАТИВА

7. Со цел хармонизација со последните измени на Царинскиот закон на Европската унија (32005R648), кои беа објавени во Службен весник на ЕУ број 648/2005 (L 117/13), посебно во делот на воведување на концептот на овластен економски оператор, подготвени се измени и дополнувања на Царинскиот закон. Покрај претходното, измените содржат одредби со кои се прецизира и поедноставува начинот и критериумите на донесување, измена и укинување на одобренија од страна на Царинската управа. Се воведува дефиниција за лице со поголем (финансиски) ризик, а одредбите за царинските прекршоци се услогласуваат со националниот Закон за прекршоци. Се очекува измените и дополнувањата на Царинскиот закон да бидат донесени од страна на Собранието до крајот на септември 2007 година. Во меѓувреме, Царинската управи работи на подговотвка на измени на подзаконските акти кои ќе бидат предизвикани со донесувањето на измените на Царинскиот закон.

8. Заради овозможување примена на одредбите од Царинскиот закон кои предвидуваат можност за намалување на износот на гаранциите кои имателите на одобренија мора да ги достават до Царинската управа на име обезбедување на потенцијален долг, изменета е и дополнета Уредбата за спроведување на Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" 40/2007)). Со измените на Уредбата се предвидени транспарентни критериуми (меѓу кои финансиска и даночна историја на компанијата, сопствениците и менаџментот) за намалување на износот на гаранциите (и до 0% од потенцијалниот царински долг) кои се докажуваат со соодветни изјави и документи кои до Царинската управа треба да ги доставуваат имателите на одобренија на постапки на увоз за облагородување и царинско складирање. Обезбедено е поедноставување и забрзување на постапката за прифаќање на гаранциите (доказната постапка ја спроведува самата Царинска управа), како и елиминирање на дискреционото право на Царинската управа на недоволно транспарентен начин да ја одредува висината на износот на банкарската гаранција (наместо дефинирање на износот на банкарска гаранција, се лимитира износот на потенцијалниот долг во однос на примената банкарска гаранција).

9. Покрај укинувањето на надоместокот од 100 евра за барање за тарифна квота од 1 јули 2006 година, од 1 октомври 2006 година укинат е и надоместокот од 19 евра за сторени услуги во царинските постапки по царинска декларација. Со цел понатамошно усогласување со acquis communautaire, ќе се измени Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка со кои се предвидува укинување на надоместокот од 40 евра за задолжителна тарифна информација и надоместокот од 65 евра за лабораториски испитувања (се очекува измените да бидат усвоени кон крајот на јуни 2007 година). Имајќи предвид дека приходите од овие надоместоци служеа директно за финансирање на дел од расходите на Царинската управа (т.н. сопствени приходи), со ребаланс на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, како и во наредните фискални години, финансирањето на делот од расходите на Царинската управа со приходи од укинатите давачки мора да се обезбеди со други буџетски приходи.

10. Со цел натамошно намалување на административните бариери и трошоци на приватниот сектор, подготвени се измени и дополнувања на Законот за административни такси со кои се укинуваат поголем број на такси кои се наплаќаат при издавање на одобренија. Се очекува измените и дополнувањата да бидат донесени од Собранието до крајот на јуни 2007 година. Со предлогот за изменување и дополнување на Законот за административни такси се укинуваат следните такси:

- 60.000 денари (околу 1.000 евра) за отворање на царински склад;

- 30.000 денари (околу 500 евра) за одобрување на која било царинска постапка со економски ефект со општо одобрение, вклучувајќи и одобрување на преработка на стока во царински склад според постапката на преработка под царинска контрола или според постапката на увоз за облагородување;

- 30.000 денари (околу 500 евра) за одобрување на поедноставување на формалностите во транзитната постапка, за одобрување на поедноставена постапка на декларирање или постапка на локално царинење како и за одобрување на поедноставување во врска со докажувањето на потеклото на стоката;

- 30.000 денари (околу 500 евра) за одобрување на употреба на техника на електронска обработка на податоците;

- 6.000 денари (околу 100 евра) за користење на истоветна стока во постапката на увоз за облагородување, за користење на стандарден систем на замена во постапката на извоз за облагородување;

- 3.000 денари (околу 50 евра) за спроведување на вообичаените форми на ракување во царинскиот склад, за складирање на домашната стока во царинскиот склад, за пренесување на стоката од еден царински склад во друг, како и за привремено изнесување на стоката од царинскиот склад;

- 6.000 денари (околу 100 евра) за пренесување на правата и обврските од едно на друго лице кои произлегуваат од царинската постапка со економски ефект;

- 30.000 денари (околу 500 евра) за одобрување на предложената форма на водење на евиденции за стоката во слободната економска зона или слободен склад;

- 20.000 денари (околу 330 евра) за издавање на решение за вршење на царински надзор во слободната економска зона или слободен склад или одобрение за градење или адаптација во слободната зона.

11. Истовремено со предлогот за намалување на напреднаведените административни такси, започната е иницијатива за воведување на единствена гранична такса која би ги заменила сите постоечки надоместоци кои на граничните премини ги наплаќаат разни државни органи и институции. Ваквиот модел на организација на службите за контрола на граничните премини ќе овозможи намалување на времето на чекање и забрзување на трговијата и транспортот, намалување на трошоците на приватниот сектор, како и надминување на нетарифните бариери. Имајќи ги предвид потребните законски, организационо технички и фискални аспкети, овој модел би требало да профункционира на почетокот на наредната година. Постоечките надоместоци кои би се замениле со оваа единствена гранична такса се:

- надоместок за мерење товарни моторни возила на ваги - наплатата ја врши Јавно претпријатие за стопанисување со стамбен и деловен простор на Република Македонија (ЈПССДП) врз основа на Одлуката за утврдување на цените на услугите за користење на објектите, инсталациите и платото во рамките на границата на опфат на граничните премини во РМ, со кои стопанисува ЈПССДП на РМ ("Службен весник на РМ" бр. 6/97);

- надоместок за влез и престој на терминал на домашни и странски возила - евиденција, пресметка и наплата на надоместок врши ЈПССДП врз основ на Одлука за утврдување на цените на услугите за користење на објектите, инталациите и платото во рамките на границата на опфат на граничните премини во РМ, со кои стопанисува ЈПССДП на РМ ("Службен весник на РМ" бр. 6/97);

- патни такси, кои за сметка на Фондот за магистрални и регионални патишта ги пресметуваат царинските органи, а ги наплатува Авто мото Сојуз на Македонија (АМСМ) врз основа на договор меѓу Министерството за финансии и АМСМ, а врз основа на Одлука за определување на основицата, висината и начинот на надоместокот за патишта за странски возила кои ги користат патиштата во РМ ("Службен весник на РМ" број 51/93);

Дополнително е покрената иницијатива и за овозможување на единствено место за наплата и за останатите надоместоци кои се наплаќаат на граничните и тоа:

- надоместок за задолжителен преглед од страна на фито - санитарни инспектори кои вршат преглед, пресметка и наплата за извршен преглед на стоки од растително потекло при увоз, извоз, транзит и реекспорт врз основ на Законот за заштита на растенија (" Службен весник на РМ" бр.25/98) и Одлука за висина на надоместок за здолжителен здравствен преглед на растенија, пратки од растенија, производи од растително потекло и преглед на пратки од средства за заштита на растенија при увоз, извоз транзит и реекспорт;

- надоместок за задолжителен преглед од страна на гранични ветеринарни-санитарни инспектори кои вршат преглед, пресметка и наплата за извршен преглед на стоки од животинско потекло при увоз, извоз и провоз врз основ на член 81 став 3 од Закон за ветеринарно здравство ("Службен весник на Р.М." бр.28/98) и Одлука за висината на надоместокот за извршен ветеринарно-санитарен преглед на пратки на животни, производи суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко псеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и на други предмети со кои може да се пренесува заразна болест преку граница на Република Македонија.

12. Во ноември 2006 година извршено е усогласување на Царинската тарифа со Комбинираната номенклатура на Европската унија (CN 2007) (согласно обврските од Спогодбата за Стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ, како и обврската за редуцирање на царинските стапки во согласност со обврските од Законот за Ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација. Новата верзија на Царинската тарифа ("Службен весник на РМ" број 125/2006) почна да се применува од 01.01. 2007 година.

13. Со цел да се олесни спроведувањето на царинската постапка, како за царинските работници, така и за останатите учесници во меѓународната трговија, за правилното утврдување на царинските давачки и спроведувањето на пропишаните нетарифни мерки, Царинската управа изготви Водич за царинење на стока. Во Водичот, покрај Царинската тарифа за 2007 година (како составен дел на Законот за царинската тарифа кој е основа за утврдување на царинските давачки), инкорпорирани се и низа други закони и подзаконски акти, како и преференцијални царински стапки утврдени со меѓународните договори. Извршено е комплетно електронско публикување на Водичот за царинење на стока на интернет страницата на Царинската управа, со што истиот е бесплатно достапен до сите учесници во меѓународната трговија и

постигната е целосна транспарентност и олеснување во спроведувањето на царинската постапка.

14. Имајќи ја предвид неопходноста од пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит, подготвена е анализа и план на активности кој се очекува да биде потврден од страна на Владата во првата половина од јуни 2007 година. .

15. Во врска иницијативата на Владата за гилотина на прописите, Царинската управа направи систематизиран преглед на царинските прописи и почетна анализа на нивната оправданост, хармонизираност со другите прописи и постоење непотребни дискрециони права на царинските органи (во целина и одредени одредби). Следи формулирање предлози, кои ќе се достават на разгледување до Комисијата на Владата за регулаторни реформи.

## III. АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

16. Со цел да се зголеми административниот капацитет на Царинската управа, преку Министерството за финансии во завршна фаза се непосредни преговори за двегодишно (со можност за додатни две години) ангажирање на меѓународно призната консултантска куќа, (после два неуспешни обида преку објавување на меѓународен тендер). Се очекува експертите ангажирани преку консултантската куќа да започнат со работа во Царинската управа во јули 2007 година. Нивниот ангажман ќе биде пред сѐ во натамошното унапредување на разузнавачките активности, работата на мобилните царински тимови, анализата на ризикот, примената на современи алатки и постапки. Очекуваниот аутпут е натамошно зголемување на резултатите во спречувањето на нелегалната трговија што треба да резултира со зголемена наплата на приходи, подобра заштита на правата од интелектуална сопственост, поефикасно спречување транзит на нарокотици и оружје, како и заштита на околината и општестовото, но и со зајакнување и градење способност за сопствен развој на институционалниот капацитет на Царинската управа. Ангажманот предвидува избегнување дуплирање на активностите со билатералните и мултирателарни странски донатори, поради што, во организација на Царинската управа на 29.05.2007 година е организиран координативен состанок.

17. Имајќи предвид дека до крајот на 2007 година треба да згасне работата и техничката асистенција на КАФАО - МАК, Царинската управа на почетокот на февруари Царинската управа до Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија достави предлог проектно фише за активностите кои треба да се реализираат во текот на 2008 година. Во предлог проектното фише, кој е веќе усогласен, е потенцирана потребата за поддршка од страна на ЕУ (преку идните ИПА фондови) во рамки на „Проект за подршка на имплементацијата на Стратегијата за царински реформи” во траење од 18 месеци. Предлог проектното фише содржи предлози за поддршка преку 3 под-проекти и тоа: а) хармонизација на царинското законодавство во Република Македонија со законодавството на ЕУ, б) започнување на компјутеризација на царинската служба во правец на подобрување на ефикасноста на царинското работење и пружање на подобри услуги кон корисниците и в) подобрување на капацитетите во борбата против измамите, корупцијата и шверцот со дрога.

18. Во врска со порано одобрената, но досега нереализирана алокација од CARDS програмата во рамките на „Проектот за поддршка на модернизација на царинската служба” во износ од 980.243 евра за набавка на мобилен ренгентски скенер за големи возила и контејнери, Царинската управа до Делегацијата на Европската Комисија во

Република Македонија достави барање за реалокација со предлог детална техничка спецификација за набавка на опрема за царинска лабораторија, опрема за видео мониторинг систем во царинските служби на гранични премини и во внатрешноста, кучиња за откривање на дрога, опрема за вршење на симултан превод, и опрема за спроведување на истраги. Царинската управа не располага со видеомониторинг систем. Неговото воспоставување ќе влијае во насока на зголемување на транспарентноста, сузбивањето на корупцијата и намалување на шверцот и нелегалната трговија. Во овие рамки, корисна би била и набавката на оптички читачи на регистарски таблици. Имајќи ја предвид географската позиција на Република Македонија и регионот во однос на трговијата со наркотици, набавката на кучиња за откривање дрога (во моментот Царинската управа ефективно има само три вакви кучиња) и воспоставувањето на организација за нивно чување и перманентно тренирање, значително ќе придонесе во борбата против нелегалната трговија со наркотици.

19. Со цел развивање на постојната сосема скромна царинска лабораторија, на барање на Царинската управа, а во организација на КАФАО-МАК мисијата, во мај оваа година беше реализирана посета од страна на словенечки експерт за царинска лабораторија, кој изврши проценка на постоечките капацитети, изнесе предлози за времено преадаптирање на постоечката царинска лабораторија и ја поддржа во целост иницијативата на Царинската управа за изградба на комплетно нова, современа лабораторија, во согласност со европските стандарди. Имајќи ја предвид важноста на воспоставување модерна и правилно профилирана и димензионирана царинска лабораторија, во тек се активности за обезбедување соодветни простории.

**Информациска и комуникациска технологија**

20. Имајќи ја предвид состојбата со постојниот застарен царински информативен систем - ASYCUDA (развиен во 1996 година) и неговата некомпатибилност за интеропарабилност со царинските системи на ЕУ, во втората половина од 2006 година Царинската управа започна интензивно да ги истражува и анализира царинските ИТ системи на земјите во Европската Унија со цел дефинирање и поставување на нов ИТ систем на Царинската управа кој ќе ја унапреди работата и истовремено ќе создаде технички услови за исполнување на европските ИТ стандарди и интерконекција и интероперабилност со постоечките ЕУ царински системи. Воспоставена е конкретна билатерална соработка со Царината на Италија за превземање на нивниот царински софтвер (AIDA). Во февруари 2007 година изработен е технички план за преземање на софтверот во рок од две години. Покрај повеќе компоненти кои се неопходен минимум за компатибилност со европските царински ИТ системи, планот предвидува во рок од една година да се спроведат сите подготовки и преземање на софтверското решение како подршка на НЦТС. Во тек се советувања на надлежните служби на Царината на Италија за избор на најсоодветното решение за исполнување на националните законски услови за испорака на софтверот, по што треба да се направи финансиска конструкција и утврди висината на контрибуцијата која ќе треба да ја обезбеди македонската страна. Претседателот на Владата на Република Македонија писмено се обрати до Претседателот на Владата на Република Италија со цел да се добие поддршка за соработката со италијанската царина и процесот на преземање на софтверот AIDA. Покрај ова, Царинската управа изработи и детален ToR за изработка на детална дијагностичка студија и развој на целосниот ИКТ систем во Царинската управа (во кој ќе бидат инкорпорирани постојните и идните компатибилни апликативни решенија). Неопходните средства за финансирање на реализацијата на

овој проект треба да се обезбедат со ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2007 година (околу 15 милиони денари, односно околу 500 илјади евра).

21. Во декември 2006 година Царинската управа започна со дизајнирање на систем за централизирано-електронско администрирање на сите свои активности. Овој систем треба да овозможи комлетно електронско работење на царинските испостави и размена на податоците по paper-less принципот, електронско водење на контролници, потврди, записници, изјави, пресметки, заверени дозволи, одобренија, како и статистички извештаи за промет на возила, стоки и патници, пресметани увозни давачки во патнички промет итн.

22. Започнат е проект за воспоставување на транзитен систем за размена на електронски пораки (NTSREP) кој треба значително да го унапреди постоечкиот транзитен систем, а истовремено да овозможи апликативно приближување и компатибилност за приклучување кон царински системи за транзит на Европската Унија. Во тек е имплементација на системот, при што, завршена е фазата на тестирање на апликацијата и системот е во пробна работа на сите гранични царински испостави во Република Македонија.

23. Во соработка со USAID во тек е реализација на пилот проект за изработка на систем за менаџирање на постапката на увоз за облагородување (МПУО). Во оваа фаза во него се вклучени Царинската управа, еден имател на одобрение за ваквата постапка како и декларантот на стоките. Резултатите од пилот проектот (кој треба да заврши најдоцна до крајот на јуни 2007 година) ќе бидат основа за идна имплементација на еден ваков систем на целата територија на Република Македонија.

24. Во рамки на воспоставената соработка со Дирекцијата за спречување на перење на пари, Царинската управа во овој период започна со изработка на софтвер за размена на податоци за ефективните странски пари пријавени на царинските служби при влез односно излез од Република Македонија.

25. Кон крајот на 2006 година започна со имплементација нов систем за контрола на стоките со двојна намена и оружје (TRACER). Седум владини институции, надлежни за контрола на ваквите стоки, на интегриран начин со безжично поврзување имаат пристап до овој систем..

26. Во рамки на проектот TTFSE II, финансиран со кредит од Светската банка, Царинската управа во 2006 година иницираше воспоставување на систем за интегрирано работење на железничките премини кој ќе овозможи евиденција, контрола, следење, менаџмент на ризици и континуирано заедничко користење на податоците од железничкиот сообраќај.

27. Во 2006 година Царинската упрва подготви и стави во функција посебна апликација (т.н. MISER) која на инспекторите во Секторот за контрола и истраги им овозможува подобра евиденција, контрола и оценка на квалитетот на трошењето на работното време, како и изготвување на различни статистички извештаи.

28. Во овој период Царинската управа во Секторот за контрола и истраги стави во функција апликација CASE - база на случаи која претставува алатка за интегрирано водење на истражни предмети со комплетни податоци за истрагите, учесниците и резултатите.

29. Царинската управа во овој период воведе и електронска архива за заведување на документите во централната архива на Царинската управа согласно Листата на архивската граѓа за 2006 година Во тек е имплементација на делот на електронско чување на документите. Започнат е и процес на инсталирање на електронската архива и во останатите центри кои заведуваат архивски документи.

30. Изработена е и ставена во функција апликација Help Desk, преку која врши електронско регистрирање и следење на техничките проблеми на ИТ системот на Царинската управа.

31. Со цел зголемување на внатрешната транспарентност во работењето во овој период е изработен и промовиран интранет портал на Царинската управа, на кој започна интензивно објавување на податоци и информации од интерен карактер. Во однос на транспарентноста со јавноста, направен е одреден редизајн на web страницата на Царинската управа, а продолжи и објавувањето на актуелните содржини заради навремено информирање на јавноста и соработниците на царината со потребните информации. Од мај 2007 година, содржините на интернет странатa на Царинската управа јавно станаа достапни и на албански јазик.

32. Од 9-ти до 11-ти мај 2007 од страна на DG TAXUD беше извршена IT awareness мисија во Царинската управа на Република Македонија. Од страна на DG TAXUD беа презентирани ИТ системите кон кои Царинската управа треба да пристапи и начините на кои тој пристап може да се оствари. Како главни приоритети во понатамошниот развој на ИТ системите се поставува обезбедување на софтверско решение на националното работење (Софтвер за процесирање на царинските декларации - ЦДПС), односно превземање на итни активности по однос на избор, набавка и имплементација на царински софтвер и поставување на нов ИКТ систем во Царинската управа. Новиот ИКТ систем треба да обезбеди квалитетно софтверско решение кое ќе ги подржува основите на национално конфигурираното царинско работење со целосно прифаќање на ЕУ легислативата и ЕУ стандардите, како и обезбедување на компатибилност и интероперабилност со ЕУ системите. Веќе преземените активности за набавка на нов царински систем и кадровско екипирање на ИКТ секторот (објаснето понатаму) се во согласност со препораките на DG TAXUD.

33. Со цел поефикасно следење и менаџирање на дисциплинските постапки кои се водат против царинските службеници, во мај 2007 година Царинската управа изготви и стави во функција апликации за евиденција на дисциплинските постапки,. Покрај ова, Царинската управа воспостави и електронска евиденција на барања за поведување на кривична постапка кои се поднесуваат до Јавното обвинителство на Република Македонија.

34. Покрај претходно наведените активности во оваа област, во тек се и подговотвки на софтвери и организација за електронско прибирање, следење и анализирање на: а) наплатата на увозните давачки (по организациони делови, видови на приходи и тарифни ставки), б) квантитативни податоци за работата на царинските служби на граничните премини и внатрешните организациони единици (промет на полни и празни моторни товарни возила, патнички возила, физички лица, извршени детални прегледи, утврдени прекршоци итн), в) квантитативни податоци и фотогравски и видео записи на запленети и задржани стоки и процедуралниот статус, г) поврзување на базите на податоци за покренати кривични, прекршочни и дисциплински постапки спрема внатрешни надворешни лица, како една од основите за анализа на ризикот.

**Кадровско зајакнување**

35. Во февруари 2007 година Царинската управа донесе интерен акт за проверка на работните способности и процедурите за започнување на вработување со јавен оглас во Царинската управа. Со тоа се обезбеди исполнување на барањата од Конвенциите и Препораките на Меѓународна организација на трудот (МОТ), Аруша Декларацијата на Советот за царинска сорботка, Законот за Царинска Управа и Законот за спречување на корупција во делот на вработување, како и со ЕУ стандардите. Со овој акт Царинската управа за прв пат обезбедува еднакви можности за сите, владеење на правото, заштита на интегритетот, минимизирање на можностите за корупција и намалување на дискреционите права. Изборот и селекцијата се врши врз основа на претходно утврдени критериуми и стандари, со проверка на работните способности во зависност од посебните услови за работното место, која ја врши посебно формирана комисија.

36. Во февруари 2007 година Царинската управа објави јавен оглас за вработување на 31 царински службеник, а во мај 2007 објави уште еден јавен оглас за вработување на 15 царински службеници во Царинската управа (пред сé во насока на обезбедување рамноправна застапеност на етничките групи во јавниот сектор). Кон крајот на мај 2007 година до Министерството за финансии е доставено уште едно барање за одобрување вработувања на над 80 царински службеници, пред сé со цел обебзедување оперативност поради големиот број суспендирани и отпуштени царински службеници (во законски спроведени дисциплински, истражни и судски постапки) и набавката на рентгенски скенери за камиони и контејнери). Со новите вработувања ќе биде зајакнат административниот капацитет на Царинската управа за спроведување на царинското законодавство.

37. Во мај 2007 година Царинската упрва донесе интерен акт за спроведување интерен оглас за пополнување на слободни работми места. Овој начин на пополнување на слободни работни места им дава еднакви можности за напредување во кариерата на сите царински службеници кои ги исполнуваат условите за односното работно место. Постапката ја спроведува посебно форимарана комисија. На крајот на мај 2007 година објавен е прв интерен оглас според новите правила.

**Обуки и професионален развој**

38. Во март 2007 година Царинската управа донесе Стратегија за обуки и за стручно оспособување на царинските работници, врз основа на Мислењето за членство на Република Македонија во Европската Унија, како и препораките од Европското партнерство со Република Македонија. Стратегијата ја анализира и опишува суштинската улога на обуката и развојот на царинските службеници во остварување на целите на Царинската управа; го разгледува сегашното обезбедување на обука и односот кон неа, што ја чинат основата на која ќе се градат идната политика и системот на обука; ги дефинира основните принципи на политиката за обука и стручно оспособување на царинските службеници; го опишува моделот на системот за обука заснован на потреби; ги анализира ризиците за негова успешна имплементација и ги предлага идните чекори.Стратегијата е документ кој треба да овозможи стручното оспособување на царинските работници во иднина да биде организирано на современ и ефикасен начин. Се организираат и обуки за јазично оспособување на царинските работници за изучување на англиски и француски јазик според стандардите на Советот на Европа.

Во март 2007 година, Царинската управа донесе и Програма за обуки за 2007 година. Програмата содржи детални информации за сите планирани обуки кои треба да се одржат во текот на 2007 година, објавена е на Интранет страницата на Царинската управа и достапна е за сите вработени. Според програмата, предвидено е во текот на 2007 година да се организираат 80 различни видови на обуки.

39. Во периодот октомври 2006 – мај 2007 година беа одржани вкупно 1.829 часови обука за вработените, со цел тие да се стекнат со вештини и знаења како на пример: обуки за царинска вредност, за транзит и за Новиот царински транзитен систем (НЦТС), за поедноставени царински постапки, за заштита на интелектуална сопственост, за ТИР Комисијата, за Национален совет за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, за економски ефект (облагородување), потоа обука за MS Access програмот.

40. Организирани беа семинари, работилници и презентации од страна на Царинската управа или други институции или агенции во чии проекти е вклучена Царинската управа. Вкупно беа одржани 135 обуки и во нив учествуваа 1.509 учесници од Царинската управа. Главните активности вклучуваа обуки за примена на царинското законодавство, а голем дел од обуките се однесуваа и на зголемувањето на административниот капацитет за примена на европското законодавство. Организирани се предавања и обуки за запознавање на надворешните субјекти со царинските прописи. Одржани се вкупно 5 работилници со учество на 175 учесници.

41. Во соработка со царинската служба на Кралството Холандија беа реализирани семинири од областа на увозот за облагородување, а со царинската служба на Република Франција, реализирани се семинари од областа на истраги и разузнавање.

42. Со цел да се зголеми административниот капацитет на Царинската управа, во март 2007 година беше донесена и програма за електронско и далечинско учење.

Електронското учење е многу важно за Царинската управа, поради тоа што, технологијата има многу големо влијание на институциите, со голем придонес и влијание на организационата структура и на индивидуалните функции (административни, обука и учење и истражување). Дополнително, различноста и сложеноста на новите технологии и потенцијалните начини на кои тие можат да се користат се менува многу бргу и многу малку се знае за достапноста на различните технологии за електронско и далечинско учење. Трето, делумно поради првите два фактора, се повеќе професори и обучувачи сега ги користат методите на информатичката технологија за предавања, администрација на обуките и за истражување.

Со овој пристап, на Царинската управа е овозможено да избере и да примени Виртуелна околина за учење (ВОУ), програма за која не треба да постои никакво сомневање дали е педагошки соодветна или дали царинските службеници ќе бидат доволно посветени на процесот на нејзино прифаќање.

Далечинското учење преку Интернет комбинирано со мултимедиските платформи може да ја задоволи потребата за алтернативни форми на обука и стручно оспособување. Далечинското учење ја користи работата на најдобрите инструктори, огромната збирка на ресурси и овозможува пристап 24/7. Тоа служи како рамнотежа во услови на пристап и еднаквост, обезбедува квалитетни производи со ниски трошоци и во голема мерка ја подобрува работата на царинските службеници.

На почетокот на 21 век, со Интернетот и World Wide Web, како секојдневна алатка на сите вработени во Царинската управа, Е-учењето и далечинското учење ќе имаат огромно влијание врз нивното квалитетно извршување на работата. Покрај можноста за постојано проширување на нивните знаења во значително подобрена околина за учење, далечинското учење овозможува начини за драматично менување на нивото на знаење на царинските службеници.

Во првата фаза, предвидени се модули за учење на компјутерски технологии, Интернет, Microsoft Word, Excel, Power Point, како и модулот за пребарување на автомобили од Интернет страната на Генералната Дирекција за царини и оданочување на Европската комисија. Подоцна, овие модули ќе се користат како основа за развој на сопствени модули и превземање на модулате за електронско учење на Светската царинска организација.

**Интегритет и борба против корупција**

43. За поефикасно спроведување на стратешките цели за превенција и спречување на корупцијата, Царинската управа во 2006 година подготви Стратегија за интегритет и борба против корупцијата усогласена со духот и целта на Аруша декларацијата, со која се овозможува развивање и имплементирање на акциони планови за превенција и сузбивање на корупција.

44. Заради поефикасно и навремено извршување на задачите, во октомври 2006 извршено е кадровско доекипирање на Секторот за професионална одговорност со 4 нови инспектори, со што од дотогашните 6, нивниот број се зголеми на 10 инспектори, односно на максимално предвидениот број на извршители со актот за систематизација на работните места во Царинската управа.

45. Во периодот 1 октомври 2006 - 30 април 2007 година, Секторот за професионална одговорност во Царинската управа изврши 151 внатрешна истрага врз основа на примени информации и поплаки за несоодветно спроведување на царински постапки од страна на царински службеници и за злоупотреба на службената положба, при што во 38 случаи е поведена постапка за утврдување на одговорност на царински службеници. Во истиот период, Секторот за професионална одгвороност изврши 32 внатрешни инспекции, врз чија основа во 9 случаи е утврдено работење спротивно на позитивните законски прописи и е поведена постапка за утврдување на одговорност на царински службеници.

46. При внатрешните истраги и инспекции констатирани се голем број ненаплатени побарувања (околу 40 милиони евра заедно со камати) од над 630 компании (од кои половината се веќе ликвидирани или во стечај, а побарувањата не биле ни пријавени во стечајната маса) за над 3.000 предмети, настанати во периодот од август 2006 година наназад, а врз основа на ненаплатени увозни давачки при увоз за облагородување каде што готовите производи не се извезени, а банкарските гаранции не биле активирани) и врз основа на дополнително утврдени увозни давачки (поради претходно ниско декларирана оновица за пресметка на давачките). При извршениот вонреден (и единствен досега) попис на залихите на запленети стоки, констатирани се огромни кусоци (на пример: 340 тони сецкан ароматизиран тутун, булдожер, наочари, мобилни телефони итн.). Покрај претходното, утврдени се фалсификувања на печати на царински документи со кои фиктивно е раздолжувана стока која требало да ја напушти, но останала во Република Македонија без платени увозни давачки. Во тек се

натамошни истраги по овие предмети во соработка со МВР и Финансиската полиција. Царинската управа врши натамошни интензиви внатрешни истраги и инспекции со цел сузбивање на оваа појава, но воведува и мерки за обезбедување целосна примена на прописите, зголемување на одговорноста и професионалноста. Најголем придонес во сузбивањето на вакви појави ќе има замената на постојниот царински информативен систем (воведен во 1996 година, нетранспарентен, без поврзаување во реално време, без контрола на вносот и сл.). За расчистување на овие неправилности, како и на дел од констатираните различни видови на злоупотреби на службената положба поврзани со неправилно пресметан царински долг при увоз или при раздолжување на извозна постапка, ангажирани се МВР и Финансиската полиција.

47. Во периодот октомври 2006 година - мај 2007 година, спроведени се 45 дисциплински постапки против царински службеници за злоупотреба на службената положба и несоодветно однесување. Во 10 случаи изречена е дисциплинска мерка отказ (престанок на работен однос во Царинската управа), во 20 случаи, поради поведени кривични и истражни постапки пред суд, изречена е мерка привремено отстранување од работа – суспендирање (10 од нив се и притворени за барање и земање мито по организирана акција на МВР) а во 16 случаи изречена е мерка намалување на платата во износ од 15% во времетраење од 1 до 6 месеци.

48. За 16 царински работници е покрената кривична пријава и се водат истражни постапки пред надлежните судови за инволвираност во организиран криминал (11 врз основа на истражни постапки на Царинската управа, а за 5 во соработка со Финансиската полиција). Покрај тоа, Царинската управа до МВР има доставена документација за започнување на истражна постапка за 10 царински работници поради основано сомневање дека со злоупотреба на службената положба на Република Македонија ѝ нанеле финансинсиска штета.

49. Во овој период за 7 царински службеници е донесена првостепена судска пресуда во која тие се огласени за виновни за злоупотреба на службена положба и се осудени на казна затвор од кои на три им престана работниот однос, а за 4 во тек е постапка на суспендирање (привремено отстранување) од работа до донесување на конечното решение.

50. Како што е понапред спомнато, со цел да се обезбеди ефикасност во спроведувањето на дисциплинските, истражните и судските постапки против царински службеници, воведена е електронска евиденција на предметите и перманентен мониторинг на нивниот статус.

51. Царинската управа продолжи да прибира нформации за разни неправилности преку отворената царинска линија 197, која во меѓувреме е надоградена со тоа што секој повик се евидентира и се снима. Во периодот од октомври 2006 година до мај 2007 година на отворената царинска линија (197) примени се вкупно 53.000 повици, од кои за 58 беше потребна неодложна акција од страна на Царинските испостави (класа А), за 23 повици беше потребно понатамошно испитување од страна на другите одделенија во Секторот за контрола и истраги пред да се превземе акција (класа В), а 163 повици се однесуваа на информации за коруптивно и непрофесионално работење на царински работници и за истите е превземена акција за утврдување на одговорност (класа Ј). Процентот на реализирани случаи од сериозните јавувања е околу 26% што претставува солиден процент споредбен со исти вакви линии во други земји .

52. Со цел да се подобри начинот на спроведување на јавните набавки и да се следи буџетот кои располга Царинската управа кон крајот на 2006 и на почетокот на 2007

година донесени се Оперативна инстукција за начинот и постапката за вршење на јавни набавки со мала вредност и Оперативната инструкција за вршење на попис и усогласување на сметководството со фактичката состојба во Царинската управа. Заради обезбедување  услови за вршење детален сеопфатен попис на средства и обврските, кон крајот на 2006 година Царинската управа  донесе и Оперативни инструкција за начинот на вршење попис.

53. Во насока на сузбивање на корупцијата, Царинската управа при ревидирањето и подготвувањето на нова регулатива задолжително врши анализа и ги елиминира непотребни дискрециони права на царинските службеници и контакти во односите со странките. Донесени се или е во тек подготовка на акти со кои се уредува внатрешното работење на Царинската управа.

## IV. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

### Соработка со трговската заедница

54. Претставници од Царинската управа учествуваа на редовните месечни состаноците на Царинско-Шпедитерскиот Комитет каде се разгледуваа предлозите дадени од претставниците. Беа преземани соодветни мерки и активности од страна на Царинската управа за надминување на одредени состојби и отворени прашања, во однос на доставените иницијативи и тоа за продолжување на работно време на Царинарниците и Царинските испостави за прием на царински документи, унифицирање на царинска постапка во земјата, проширување на можноста за царинење на товарни возила и техничка стока, намалување на трошоците при работењето, подобрување на администрирањето на банкарските гаранции, забрзување на постапката на царинење, подбрување на информирањето итн. Активна беше соработка и со претставници на Текстилниот кластер, здруженијата на превозници и други бизнис асоцијации. Заради успешната соработка на Текстилниот кластер му беше додадена плакета по повод 14 април празникот на царинските службеници во Република Македонија. Пред донесувањето на нови прописи и акти се вршат консултации со претставниците на трговската заедница, а впоспоставена е и пракса за објавување на нацртите на актите на интернет страната на царинската управа со цел да се овозможи пошироката јавност да даде свои коментари.

55. Во насока на понатамошно усогласување на одредбите за транзит изготвено е ново упатството за транзит и дополнето упатството за поедноставени постапки во делот на употреба на посебна товарница и употреба на пломба од посебен вид. За овие измени во текот на мај 2007 година се реализираа повеќе обуки како за царинските службеници, така и за трговската заедница.

### Безбедност и олеснување на трговијата

56. Царинската управа започна активности за целосно усогласување со Рамката на стандарди за безбедност и олеснување на глобалната трговија на Светската царинска организација. За таа цел беше направена анализа на состојбите (самовреднување) во поглед на способноста на Царинската управа за имплементацијата на Рамката на стандарди. Во март 2007 година до Секретаријатот на Светската царинска организација (СЦО) беше доставен одговор на прашањата од листата за самовреднување во врска со Рамката на стандарди. Одговорите на прашањата

претставуваат појдовна основа за дијагностичката мисија на СЦО која ќе биде спроведена во почетокот на јуни оваа година во траење од две недели. Врз основа на извештајот од дијагностичката мисија ќе биде изработен Акционен план за имплементација на Рамката на стандарди.

57. На писмена иницијатива на Царинската управа за потребата од воведување на едношалтерски систем за увоз и извоз (Single Window) и контрола при единствено застанување (One Stop Shop) во Република Македонија, на почетокот на 2007 година Владата формираше посебна меѓуресорска работна група (учествуваа експерти од сите државни и приватни институции и здруженија на граѓани кои директно или индиректно учествуваат во протокот на стоките). Работна група подготви функционална анализа на протокот на стоки низ Република Македонија при спроведување на царинските постапки како дел од подготвителните активности за изработка на студија за поставување на Single Window концепт. Врз основа на Функционалната анализа, Владата ја задолжи Царинската управа да ги координира натамошните активности на сите владини институции до целосно комплетирање на овој проект. Проектот се наоѓа во втора фаза (која треба да заврши најдоцна до крајот на јуни 2007 година) во која се врши анализа потребна за хармонизација на документите и податоците кои се употребуваат од сите релевантни институции и се подготвува пилот проект во една гранична царинска испостава. Наредна фаза е конкретно хармонизирање на податоците и подготовка и донесување измени на регулативата каде што ќе биде потребно, а потоа следи изработка на техничка документација за развој на софтвер, набавка на опрема, обезбедување на телекомуникациски капацитет и организација.

58. Во овој период се интензивираше реализацијата на Регионалниот CARDS Проект - Поддршка и координација на стратегиите за интегрирано управување со границите (ИГУ).:

- обезбедена е поддршка на мерките за развојот или прилагодувањето на националните стратегии или планови на делување во ИГУ;

- изградени се мрежи за соработка меѓу службите кои имаат надлежности во ИГУ (царината, граничната полиција, фитосанитарната и ветеринарната контрола), како и сите останати релевантни агенции на национално ниво помеѓу шесте држави учеснички - корисници на помошта: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија и Црна Гора и овие мрежи треба да послужат за навремена размена на информации;

- изготвени се предлог стандардни постапки за граничните премини и распоред на работата на надлежните служби;

- изготвени се работни материјали за обуки по принципот „Обука на обучувачи” со цел да се овозможи понатамошно пренесување на концептот на ИГУ помеѓу соодветните служби.

59. Во рамките на Програмата за контрола на извозот и граничната безбедност, поддржана од Владата на САД, одржани се обуки за царински службеници на граничните премини и доделена е помош од сетови за откривање на скриена стока, џебни детектори на радиоактивно зрачење, персонални сметачи за центарот за обука, опрема за презентации и симултан превод, како и посебен систем за регулирање на температурата во просториите каде е сместена информациска и комуникациска опрема.

60. Врз основа на препораките од Европската комисија, спроведен е проектот "Laufzettel", мерење на време за процесирање на товарните возила на граничните премини Табановце (Република Македонија) – Прешево (Република Србија) во периодот од 02.10.2006 до 09.10.2006 година и Богородица (Република Македонија) – Евзони (Република Грција) од 26.02.2007 до 05.03.2007 година. Во активностие беа вклучени сите гранични служби координирани од царинските служби од конкретните земји. Податоците од извршените мерења се обработени и извршена е анализа на состојбата и дадени се препораки за подобрување на протокот на граничните премини кои ќе бидат инкорпорирани во планот на активности за усогласување со Рамката на стандарди на WCO. Во тек е припрема на ваков проект и со Косово.

61. Царинските постапки во Република Македонија скоро целосно се вршат на приватни терминали во внатрешноста на земјата. Државни терминали постојат само на неколку гранични премини но истите се нефункционални и за нивно активирање се потребни дополнителни вложување и време. На 8 март 2007 година Царинската управа овозможи вршење царинска постапка на јавен терминал на граничниот премин Богородица со Република Грција, изграден со буџетски средства повеќе години наназад, но досега воопшто некористен. Со ова се забрза царинската постапка, се намалија трошоците на бизнисите и се намали транзитирањето на нецаринета стока низ територијата на Република Македонија.

62. Со цел олеснување и поедноставување на граничните формалности и долж Коридорот 8 (Mezzogiorno-Balkan Area Customs Project), потпишан е Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за економски развој на Република Италија (во проектот се вклучени и Албанија и Бугарија). Како прв чекор од акциониот план за реализација на проектот, предвидена е посета на експерти од италијанската царина во периодот од 11 до 13 јуни 2007 година.

63. Во периодот од 16 до 17 април 2007 година се одржаа преговори за иницирање на вториот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа-TTFSE II, помеѓу Светската банка и Република Македонија. Целта на проектот е олеснување на движењето на добрата помеѓу земјите во југоисточна Европа, преку отстранување на одредени тесни грла во инфраструктурата на граничните зони и подобрување на ефикасноста и квалитетот на патните и железничките услуги долж транс европскиот транспортен Коридор 10. Со проектот е предвидено е подобрување на терминалот на граничен премин Блаце преку: (а) отстранување на привремените објекти; (б) изградба на постојани објекти; (в) изградба на дополнителни ленти; и (г) надзор над градежните работи, преку обезбедување на работи, стоки и консултантски услуги. Покрај тоа, предвидено е и подобрување на системот за телекомуникации долж железничките пруги на транс европскиот коридор 10 и воведување на компатибилен софтвер за обработка на товарните железнички пратки за железница и царина, вклучувајќи: (а) инсталација на железнички систем за комуникации и решение за електронска размена на податоци со кое се усогласува софтверот за обработка на податоци помеѓу Царинската управа на Македонија и Македонски Железници; (б) надградба на компјутерскиот хардвер и софтвер за системите на информатичка технологија во царината и железниците.

64. Одржани се преговори за усогласување на текст на спогодби за царинска соработка со Босна и Херцеговина, Словачка и Украина. Во овој период е склучена Спогодба за соработка и помош во царинските прашања помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Финска и истата е ратификувана од Собранието на Република

Македонија. На барање на царината на Индија остварена е средба со нејзиниот претставник за Европа во Лондон и договорено е да се пристапи кон постапката на инстутиционализирање на соработката преку склучување на Спогодба за царинска соработка меѓу Владите на Република Македонија и Индија. Во овој период Царинската управа преку Кинеската амбасада во Република Македонија до Царинската служба на Република Кина достави иницијатива склучување спогодба за царинска соработка, но истата не беше прифатена.

65. Во овој период Царинската управа оствари повеќе контакти со царинските служби на Албанија, Грција, Србија и Бугарија, а посебно ја интензивираше соработката со царинската служба на УНМИК на Косово при што е воспоставена перманентна и секојдневна соработка на ниво на експертски групи за поедини прашања, а посебно во разузнавањето.

**Наплата на приходи**

66. Кон крајот на 2006 година Царинската управа стави во функција нов софтвер за евиденција и контрола на наплатата на увозните давачки како и на банкарските гаранции кои царинските обврзници и ги даваат на Царинската управа. Системот овозможува побрз проток на податоците од платниот промет до царинските испостави, автоматско поврзување на уплатите со соодветните декларации, автоматско книжење на декларациите, побрзо пуштање на стоката во слободен промет, поквалитетно и побрзо извршување на задачите, побрзо и поефикасно пренесување на податоците внатре во Царинската управа и помеѓу Царинската управа и надворешните субјекти.

67. Во периодот јануари - април 2007 година, Царинската управа наплати 12,08 милијарди денари (околу 196,5 милиони евра) на име увозни давачки (царина, ДДВ и акцизи), што е за 37,31% повеќе во однос на истиот период 2006 година (8,8, милијарди денари или околу 143 милиони евра). Од нив, на име царини се наплатени 1,98 милијарди денари (околу 32 милиони евра) што е за 30,93% повеќе во однос на истиот период 2006 година, на име ДДВ 9,8 милијарди денари (околу 160 милиони евра) што е за 38,56% повеќе во однос на 2006 година, а 0,28 милијарди денари (околу 4,5 милиони евра) на име акцизи, што е за 40,9% повеќе во однос на истиот период минатата година

68. Царинската управа прави напори да ја заголеми наплатата на приходите преку ликвидирање на претходно споменатите побарувања ненаплатени години наназад и залихите на запленети стоки. Имајќи предвид дека овие побарувања Царинската управа не располага со никаков вид обезбедување, ангажирани се судски извршители. Наплатата оди мошне тешко бидејќи најголем дел од овие царински должници не располагаат со доволно средства (цениме дека во голем број случаи тоа е намерно направено). Имињата на фирмите и нивните сопственици, заедно со износот на основно побарување и камата, се објавени на интернет страницата на Царинската управа. Во врска со ликвидирањето на со години наназад складирани залихи на запленети стоки, ангажирани се комисии за проценка на нивната вредност и продажба по пат на јавни лицитации.

**Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит**

69. Царинските контроли се вршат на основа на прибирање на информации, нивно класифицирање, обработување и анализирање, за да се дојде до оперативна или стратешка информација, по која понатаму се превземаат активности за истражување и откривање на нелегални дејствија. Како што е понапред кажано, се очекува ангажирањето на странската консултантска куќа значително да придонесе за натамошно унапредување на капацитетот на Царинската управа во спречувањето на нелегалниот увоз, извоз и транзит.

70. Со цел да се зголеми капацитетот за контролни дејствија Царинската управа објави меѓународен тендер за набавка на 4 мобилни рентгенски системи за инспекција на возила со големи димензии и контејнери. По извршената евалуацијата, донесена е одлука за  избор на најповолна понуда. Во тек законските постапки за добивање согласност од Министерството за финансии за склучување на договор. Доколку нема жалби од евентуално незадоволни понудувачи, договорот ќе биде склучен најдоцна до крајот на јуни 2007 година. Испораката на скенерите обуката на царинските службеници ќе трае неколку месеци.

71. Во периодот октомври 2006 - мај 2007 година продолжи унапредувањето на системот на анализа на ризик и изготвување на критериуми за селектирање (селективен модул) по увозник, извозник, вид на стока, вредност, превозно средство и друго. Исто така, беше развиен профил на ризик за криумчарење на дроги кој се применува на граничните премини. Унапредувањето на системот на селективност се одвиваше и преку ревидирање на постоечките критериуми за стокови царински испостави. На почетокот на 2007 година беше развиен профил на ризик за повреда на правото на интелектуална сопственост за граничните премини. Изработен е и мплементиран критериум за повреда на правото на интелектуална сопственост и за стоковите испостави врз основа на земја на потекло, фирма увозник и тарифна ознака за досегашните откриени фалсификувани стоки.

72. Врз основа на критериумите за селективност, во периодот октомври 2006 – април 2007 година по различни критериуми селектирани се 72.215 царински декларации, од кои во 8.496 декларација е утврдена неправилност и извршена дополнителна наплата на увозни давачки во износ од 350,5 милиони денари (околу 5,7 милиони евра).

73. Врз основа на  претходно добиени разузнавачки информации, планови и програми, мобилните тимови на Царинската управа во периодот октомври 2006 - мај 2007 година извршија  преглед на 2.976 камиони, 771 автобуси и 3.472 автомобили. Како резултат на овие контроли и други активности извршени се вкупно 114 заплени на различна стока. Позначајни заплени од овие контроли, како и од редовните контроли на превозни средства, стока и патници на границните премини и внатрешните царински испостави, се следните:

- 486,705 кг кокаин, што претставува најголема количина на дрога која досега е запленета во Република Македонија, спроведена во соработка со Министерствто за внатрешни работи;

- 52,018 кг хероин, во 4 различни акции на Царинската управа;

- над 30,9 милиони парчиња цигари, од кои 7 милиони парчиња цигари со ознака на трговската марка Marlboro за кои со извршените испитувања е утврдено дека се фалсификат;

- 92 парчиња оружје (пиштоли, воздушни пиштоли, воздушни пушки) и 17.943 парчиња муниција за ловечко оружје, дијаболи и петарди;

- 1.950 кг течен детергент и 837 кг шампони;

- 5.631 парче лекови за хумана медицина и ветеринарни лекови;

- 20.000 килограми прехранбени производи (мандарини, краставици, сувомесни производи, конзервирана риба, зачини и др.;

- 15 тона разна машинска опрема;

- различни видови странски готови пари во вкупна вредност од 500 илјади евра;

- 965 илјади парчиња разни други видови стоки (алкохолни пијалоци, текстил, автоделови, идр.), при што вредноста на запленетата стока и избегнатите давачки за запленетата стока изнесува над 81 милиони денари (околу 1,3 милиони евра).

74. При спроведувањето на контролите, царинските службеници ја користат опремата и други алатки добиени како донација од Канцеларија за Царинска и Фискална Помош на Македонија (КАФАО-МАК), финансирана од Европската унија преку CARDS програмата, од Владата на Соединетите Американски Држави (мобилни рентген апарати, бустери и фиберскопи) и од други билатерални донатори. Од горе наведените податоци јасно се гледа дека со користењето на оваа современа опрема се подобрува и ефикасноста при спроведувањето на контролите. Само за пример, со користење на пејџери и друга пософтицдирана опрема за детекција на радијација, царинските службеници на 16.05.2007 година за прв пат детектираа значително зголемено ниво на радијација во камион натоварен со отпадно железо.

75. Против откриените сторители на кривични во овој период се поднесени 98 барања за поведување на кривична постапка против 135 физички лица (од кои 121 резиденти и 14 нерезиденти) и 34 правни лица. Проитв откриените сторители на прекршочни дела поднесени се 825 барања за поведување на прекршочна постапка. Кривичните пријави се однесуваа на делата даночно затајување и царинска измама, односно за неисполнување и избегнување на законската обврска за наплата на царински и други давачки од страна на физички и правни лица. Споредбено со истиот период од претходната година, поднесени се 52 барања повеќе за поведување на кривична и 234 барања повеќе за поведување прекршочна постапка). За најголем дел од овие предмети сеуште се води првостепена судска постапка (Царинската управа вкупно има над 300 отворени судски предмети по пријави за сторени кривични дела). Најкарактеристичен меѓу откриените случаи на организиран криминал е случајот на фиктивен извоз на алкохол во 2002 година при што е избегнато плаќање на акцизни давачки на износ од околу 4 милиони евра во кои се инволвирани најмалку 29 лица (меѓу кои 11 сегашни и 6 бивши цариници), против кои веќе се води судска истражна постапка. Тука е и случајот на исчезнување на околу 340 тони запленет сецкан ароматизиран тутун во периодот пред јули 2006 година, кој случај е предаде во надлежност на МВР.

76. Во своите активности за спречување на нелегалната трговија Царинската управува тесно соработува со Граничната полиција, МВР, Финансиска полиција, Дирекција за спречување на перење пари, Управата за јавни приходи (посебно во таргетирањето на профилирани ризични претпријатија поради утврдени царински неправилности),

Дирекцијата за ветеринарство, Дирекцијата за храна, Дирекцијата за радијациска сигурност (во мај 2007 година Царинската управа за прв пат на граничен премин детектираше радијација значително повисока од нормалата во товар од отпадно железо) и др.

77. Посебно активни во овој период беа и регионалните служби на Царинската управа за надзор на иматели на одобренија со економски ефект, Покрај активностите за издавања на одобрнија, овие служби извршија контрола на иамтелите на одобренија за држење јавни царински складови, при што констатираа поголем број неправилности, поради што се поднесени поголем број прекршочни пријави, извршена е наплата на царински долг за царинска стока која иако требало, не била во јавните царински складишта, а на еден имател на одобрение истото му е одземено. Во овој период одземено е и едно одобрение за увоз за облагородување.

**Заштита на права од интелектуална сопственост**

78. Во период од октомври 2006 година наваму зголемени се и активностите за обезбедување на правилна примена на мерките на трговската политика поврзана со јавниот морал, безбедноста, зачувањето на здравјето на луѓето, животните и растенијата, заштита на животната средина и природата, заштита на националното богатство со уметничка, историска или археолошка вредност и заштита на интелектуалната сопственост.

79. Во делот на зајакнување на административниот капацитет за заштита на правата од интелектуална сопстевност во соработка со Царинската управа на Франција во јануари 2007 година организираше семинар за интелектуална сопственост. Исто така, во јануари 2007 година во соработка со Асоцијацијата на носители на права и застапници –SNB REACT беа одржани единаесет презентации на претставници на познати светски брендови (Adidas, Reebok, Sara Lee, Estée Lauder, Lacoste, Daimler Chrysler, Epson, Canon, Louis Vuitton, International Spirit, Nokia, Osram,). На 26.01.2007 година Царинската управа одржа форум на тема: Стоп за фалсификатите и пиратеријата, по повод одбележувањето на светскиот царински ден, на кој се доделија три плакети на најактивните застапници.

80. Во перидот октомври - мај 2007 година вкупно 71 странски и домашни бреднови имаат поденсено барање до Царинската управа за заштита на правата од интелектуална сопственост (во периодот јануари - септември 2006 година Царинската управа прими 6 вакви барања).

81. Во периодот од октомври 2006 година до мај 2007 година, во делот на заштита на правата од интелектуална сопственост, постигнати се следните резултати:

- Откриени се над 130 обиди за повреда на право од интелектуална сопственост, односно за увоз, извоз или транзит на стоки со фалсификувана трговска марка (во периодот јануари – септември 2006 година беа откриени 14 обиди).

- Царинската управа постапуваше по 1,2 милиони парчиња различна стока и 31.000 кг детергент за перење алишта (во моментот се утврдува дали се фалсификат 97.000 килограми освежителни пијалоци)**.** За најголем дел од стоката постапката е завршена и е утврдено дека се работи за фалсификат на познати светски трговски марки.

- Најголем број од откриените фалсификувани стоки се однесуваат на:
  а) Различни видови парфеми и козметика, 140 илјади парчиња,
  б) различни видови облека, 177 илјади парчиња
  в) паста за заби, 150 илјади парчиња,
  г) Различни видови обувки (пред сѐ патики), 23,6 илјади парчиња,
  д) Различни видови опрема за мобилни телефони, 38 илјади парчиња,
  е) Свеќичи за автомобили, 110 илјади парчиња,
  ж) Полиетиленски кеси, 259 илјади парчиња,
  з) Очила за сонце, 15 илјади парчиња,

  Секако, тука не се вброени 7 милиони парчиња фалсификувани цигари од трговската марка Marlboro.

- Најголем дел од откриените фалсификувани стоки се однесуваат на следните трговски марки:
  а) ADIDAS, 93 илјади парчиња,
  б) CHANEL, 20 илјади парчиња,
  в) COLGATE, 150 илјади парчиња,
  г) HUGO BOSS, 41.000 илјади парчиња,
  д) LANCOME, 20 илјади парчиња,
  е) LOREAL, 43 илјади парчиња,
  ж) PRINCO, 316 илјади парчиња,
  з) PUMA, 27 илјади парчиња,
  и) NOKIA, 27 илјади парчиња,
  к) NIVEA, 19 илјади парчиња,
  л) NIKE, 55 илјади парчиња,
  м) BOSNA SUPER, 110 илјади парчиња,
  н) CHRISTIAN DIOR, 8 илјади парчиња,
  о) DAVIDOFF, 6 илјади парчиња,
  п) DIESEL, 3 илјади парчиња,
  р) SONY ERICSSON, 7 илјади парчиња,
  с) DOLCE&GABBANA, 6 илјади парчиња,
  т) GILLETE, 20 илјади парчиња,
  у) GUCCI, 5 илјади парчиња,
  ф) MARLBORO, 258 илјади парчиња,
  х) LACOSTE, 8 илјади парчиња,
  ц) KENZO, 3 илјади парчиња,
  ч) LOUIS VUITON, 2 илјади парчиња,
  ш) RAY BAN, 2 илјади парчиња.

  Покрај наведените, откриени се и одредени количини фалсификувана стока која се однесува и на трговските марки Osram, Aqua Di Gio, Armani, Converse, Mercedes, Reebok, Samsonite, Samsung, Sony, Tommy Hilfiger, Versace, Zippo, итн.

- Според декларираните докуементи, најголем број од фалсификуваната стока доаѓа од Кина (440 илјади парчиња), Обединети Арапски Емирати (над 363 илјади парчиња), Турција (над 131 илјада парчиња) и Тајван (110 илјади парчиња).

- Согласно Законот за carински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, а по завршената постапка за утврдување на фалсификат и повреда на правото на интелектуална сопственост, Царинската управа спроведе неколку постапки за уништувања на фалсификувана стока. На 11.04.2007 година во депонијата Дрисла, Скопје, беа уништени вкупно 112.300 парчиња запленети

фалсификувани parfemi, козметички производи и декоративна козметика од повеќе познати сведски брендови, како што се: Loreal, Lancome, Dolce&Gabbana, Chanel, Hugo Boss, Lacoste, Tommy Hilfiger, Christian Dior, Gucci, Kenzo и Nivea. На 27.04.2007 година во печките на Силмак-Тетово, Царинската управа постапувајќи согласно налозите на застапниците на носителите на правата од интелектуална сопственост спроведе уништување/спалување на вкупно 31.388 парчиња запленети производи (патики, блузи, јакни, маици, килоти, каиши, чорапи, маски, батерии, слушалки и полначи за мобилни телефони) од повеќе познати светски брендови (Adidas, Puma, Reebok, Tommy Hilfiger, Louis Vuitton, Gucci, Christian Dior, Nokia и Sony Ericsson). На 08.05.2007 година на депонијата Дрисла се изврши уништување на 110.000 парчиња резервни делови за автомобили (свеќички) од трговската марака Super Bosna. Покрај, претходно наведеното, во последните неколку месеци се уништени и 256 илјади полиетиленски кеси Marlboro, а во повеќе наврати во помали количи не уништени фалсификувани стоки од трговската марка Louis Vuiton и др.